# GS1 Ireland:
# Осигурување на безбедност и доверба во вакцините против COVID-19

## GS1 Стандардите помагаат да се осигури дека вакцините против Ковид-19 се доставуваат ефикасно и безбедно до пациентите во ирските центри за вакцинација.



**Националното воведување на вакцините за COVID-19 во Ирска ја покажува вредноста на следливоста заснована на стандарди.**

Речиси веднаш откако светот дозна дека постојат вакцини за COVID-19, се постави прашањето: Кој е најдобриот начин да се обезбеди нивна ефикасна и безбедна дистрибуција?

Ова е еден вид предизвик каде што GS1 Стандардите можат - и играат клучна улога. Баркодовите GS1 може да се користат на глобално ниво за уникатно и безбедно да се идентификуваат вакцините за COVID-19 додека тие се движат од производствени места преку сложени дистрибутивни мрежи до места на администрирање.

Еден одличен пример: во текот на минатата година, тимот на GS1 Ireland тесно соработуваше со извршниот директор на здравствената служба на Република Ирска (HSE) за да помогне да се осигура безбедноста на вакцините против COVID-19. Нивните напори беа изградени врз одличните работни односи што ги имаат низ ирскиот здравствен сектор и особено со Националната Канцеларија за Имунизација.

За Националната Канцеларија за Имунизацеја беше важно дозите и и сериите вакцини може да се следат до точката на вакцинација. По интензивна фаза на дизајнирање со проектниот тим на Канцеларијата, решението за идентификување, означување, следење и известување за вакцините беше пилотирано во првите центри за вакцинација.

Решението се вика TrackVax, обезбедено од GS1 Ireland.

TrackVax сега работи во скоро сите 43 Централизирани клиники за вакцинација. Скенирањето на баркодовите на секоја вакцина ги евидентира критичните податоци, вклучително и неговата серија и точното време кога треба да се фрли вакцината. Пред воведувањето на TrackVax, времето за отфрлање беше рачно напишано на ампулите,
процес кој одзема многу време кој исто така претставуваше ризик за безбедноста на лековите.

Одличниот квалитет на податоците од TrackVax му обезбедува на Канцеларијата надзор над употребата на вакцините, ги евидентира точните податоци за нивото на залихите и го намалува отпадот на минимум. Следниот чекор е да се обезбеди постојана поддршка за следливост на Вакцината против COVID-19 во Ирска и, со текот на времето, за други вакцини.

**Дали сте заинтересирани да дознаете повеќе?**

GS1 Ireland: www.gs1ie.org/healthcare

GS1 Healthcare: www.gs1.org/healthcare

Превод на македонски и обработка:

**м-р Срѓан Милутиновиќ,**
Стручен Соработник

GS1 Македонија
www.gs1mk.org.mk